

**ИСЕЛЕНИЧКАТА ФОНДАЦИЈА „ПЕТАР СТАМАТОВ“ НА УКИМ**

***Смилево е типично македонско, мијачко, печалбарско место од кое, како и од голем број села под Пелистер, многумина заминале и се здомиле ширум светот. Тоа е родното место на Петар Стаматов кое му било често во мислите и многупати го сонувал, а во исто време се интересирал и читал за родното место.***

Во живописните предели на селото Смилево, родното место на донаторот Петар Стаматов, очите се отвораат повеќе од било каде на друго место. Таму, во тоа планинско место длабоко се чувствува чистиот воздух што доаѓа од високите убави елки и борови и буковите шуми на Бигла, Утоец и Голем Камен. Тоа е предел кој за секој посетител отвора широк хоризонт, го мами со сета своја убавина и е на дофат на секој вљубеник на природните реткости на македонска земја.

Таму, во пазувите на Бигла Планина, на 10 километри од патот Битола – Демир Хисар, од левата страна, на 880 м надморска височина се наоѓа живописното село Смилево. Тоа е типично македонско, мијачко, печалбарско место од кое, како и од голем број села под Пелистер, многумина заминале и се здомиле во САД, Канада, Австралија и во некои земји на Европската Унија.

Меѓутоа, одреден број вработени на различни места во Македонија доаѓаат во Смилево – нивното родно место кое ги привлекува со невидена сила. Тие доаѓаат на дедовските

корени за да воздивнат во своите стари домови, да ги реновираат старите или да изградат нови куќи, да ги обноват спомените од младоста, од минатото...

Инаку, Смилево е единствено мијачко село во Демирхисарско . Населено е со Мијаци , дојдени од мијачкиот предел кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, бегајќи од големите зулуми и грабежи. Легендата вели дека до денешната населба на селото Смилево постоела населба од Брсјаци . Тоа место се нарекува Старо Смилево. Новопристигнатите Мијаци продолжиле да се занимаваат со сточарство, но кога и таму се јавиле грабежи и несигурност го напуштиле сточарството и се ориентирале кон ѕидарскиот занает. Набргу станале најголемите мајстори - ѕидари во Битола, Ресен и пошироко.

Карактеристично за мајсторите-ѕидари од Смилево е тоа што тие имале„ Таен јазик на смилевските ѕидари “. Јазик распространет помеѓу мајсторите-печалбари по потекло од Смилево. Истиот јазик, со некои несуштествени разлики, се сретнувал и во Папрадиште и во Ореше . Тајниот јазик бил користен од луѓето кои заминувале на гурбет, со цел непречен разговор на тајфите помеѓу муслиманите.

Јазикот се појавил со засиленото заминување на печалба низ отоманските провинции и другите балкански земји. Неговиот развој траел неколку децении, а како главна карактеристика е дека неговите зборови главно припаѓаат на менливите морфолошки форми: глаголи, именки и придавки.



[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**